Врз основа на член 487 од Законот за трговските друштва (Сл.весник на РМ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08), Собранието на АЛКАЛОИД АД Скопје, на седницата одржана на ден 19.04.2010 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2009 година
## ( дивиденден календар)

### Член 1

Согласно Одлуката за употреба и распоредување на нето добивката остварена по годишната сметка за 2009 година, на акционерите им се исплатува дивиденда за 2009 година во висина од 136,00 денари нето, односно 151,11 денари бруто, за една акција.

Дивидендата ќе биде исплатена во готово на трансакциските сметки на акционерите.

### Член 2

Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2009 година е 05.05.2010 година.

### Член 3

Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2009 година е 06.05.2010 година.

### Член 4

Датум на стекнување на право на дивиденда за 2009 година е 10.05.2010 година.

### Член 5

Исплатата на дивидендата за 2009 година ќе започне од 14.05.2010 година.

### Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на АЛКАЛОИД АД Скопје
Претседавач
Марија Малова